# АЛКАЛОИД АД Скопје регистрираше ново друштво во Романија

Во согласност со долгогодишната развојна, деловна политика на компанијата, во насока на главните стратешки определби што се однесуваат на глобализацијата на брендот АЛКАЛОИД и со цел зајакнување на постојните извозни позиции, особено на пазарите во Европската Унија, менаџментот на компанијата донесе одлука за отворање ново друштво во ЕУ, овојпат во Романија.

Имајќи предвид дека повеќе од 65% од пласманот на производите на компанијата се наменети за извоз, од исклучително значење е присуството на производствената програма на пазарите во ЕУ, како и проширувањето на нови пазари. Во таа насока, новоотворениот правен субјект е седми по ред кој е основан во рамките на земјите членки на Европската Унија.

По долгогодишното присуство и успешно работење на пазарот во Романија, АЛКАЛОИД АД Скопје регистрираше ново друштво со назив „Alkaloid Bucharest S.R.L“. Друштвото, чиј основачки влог изнесува 100.000 евра, е во 100 % сопственост на АЛКАЛОИД АД Скопје.

АЛКАЛОИД е присутен во Романија преку палетата на фармацевтски производи, како и преку програмата за хемодијализа која вклучува неколку групи производи. Реализираните продажби за 2021 година на пазарот во Романија изнесуваа 212,5 милиони денари, а во првата половина од 2022 година, компанијата забележа раст од 140% на овој пазар споредено со истиот период минатата година.

Со ваквиот потег АЛКАЛОИД продолжува во насока на остварување на својата главна стратешка определба, за развој во деловните контури на извозно ориентирана компанија со стабилна пазарна позиција.